**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.746/25**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Теура Ракипи** од Струга со престојувалиште Мичиген, Соединети Американски Држави преку полн. адвокат Глигорије Ќатоски од Сруга , засновано на извршната исправа Пресуда П1-200/18 од 20.02.2020 год. на Основен суд Струга, против должникот **Арслан Скоро** од Струга, со живеалиште ул.Караорман бр.21 Струга, за спроведување на извршување во вредност 4.489.500,00 ден., на ден 02.06.2026,00 ден. година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
**НИВА запишана во во ЛИСТ Б од ИЛ.7532 КО Охрид 4 при во АКН-ОКН Охрид** со следните ознаки:

КП.бр.4198, в.м. „патрица“, катастарска култура 11000, класа 1, пов. 4683 м2,сопственост на должникот Арслан Скоро од Струга.

Продажбата ќе се одржи на ден **19.06.2026 год. во 10:00 часот** во просториите на Извршител Слободанка Колоска, на ул. Димитар Влахов бр. 13/9 Охрид.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок за утврдување на вредност И.бр. 746/25 од 09.02.2026 год. на извршителот Слободанка Колоска изнесува **28.098.000,00 ден**. како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување врз недвижност И.бр. 746/25 од 23.09.2025 год.на Извршител Слободанка Колоска. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од **2.809.800,00** ден.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. **210073986200278** која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Даноците и другите давачки поврзани со продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

Д.-на: Доверител, Должник, Државно Правобранителство на РСМ Охрид,
Даночно одделение при Општина Охрид, УЈП Охрид

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струга, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.